# CD квалитет и аудио со Sony-евиот нов MD диск

Sony се појави на пазарот со преносниот, батериски напојуван мини-диск систем, базиран на неговата аудио мини-диск технологија. Секој диск може да содржи до 140 MB податоци.

Оваа единица е наменета за корисниците на преносни компјутери, коишто имаа потреба за системи со голем капацитет, а сепак компактни и преносливи. Тежи само 340 грама, а димензиите му се 86x30x131 милиметри (!!?), скоро исти како и кај обичен вокмен. Со приклучување на приложените слушалки и далечинскиот управувач, на овој систем можете и да слушате, но не и да снимате аудио мини дискови.

Врската со централната единица е преку SCSI-2 или PCMCIA паралелна порта која може да се набави од Shuttle Technologies.

Нил Бервил, продажниот и маркетинг менаџер на Sony Computer Peripherals, вели дака MD Data е првата целосно преносна единица со голем капацитет и "е создадена да ја замени флопи диск единицата во времето на мултимедија". Ова набргу може да стане вистина, откако Sony ја претстави оригиналната 3.1" дискета.

Во пакетот, заедно со единицата добивате и слушалки и далечински управувач за аудио користење, а комплетот вклучува и литиум-јонски суви батерии, кои можат да се наполнат повторно, една дискета и инсталационен софтвер за DOS, Windows и Mac.

Но, закаснувањето на овој производ (беше најавен уште пред една година) може скапо да го чини Sony, зашто во меѓувреме неговите конкуренти веќе исфрлија на пазарот серија модели со поконкурентни цени. Iomega својот Zip драјв го продава за трипати пониска цена, а најавува и нов модел со име Jazz, кој на една "дискета" ќе може да смести цел гигабајт, а ќе чини околу 400 фунти.

Цената на пакетот е 499 фунти стерлинзи, а секоја дискета чини додатни 15 фунти и може да се набави од Sony во Англија. Контакт телефон: +44 181 760 0500.



# IBM разви диск од 1GB за преносните компјутери

Популарноста на преносните компјутери (и огромните цени) продолжуваат да ги стимулираат производувачите да создадат диск кој со својот капацитет, брзина, димензии и тежина би ги задоволил растечките барања за капацитет на преносните компјутери.



IBM-овите инженери во октомври изјавија дека тукушто развиле нов 2,5" тврд диск чија тежина не преминува 140 грама, а со капацитет од 1GB. Новиот диск се базира на новата високо-осетлива магнетно-отпорна (magneto-resistive MR) технологија. Со вакво темпо, компанијата се надева дека до крајот на веков, на пазарот ќе понуди и 2.5" диск со капацитет од 3GB.

IBM планира новиот диск, освен што ќе го употреби во своите преносни модели, да го понуди и на другите производувачи. Овој модел масовно ќе почне да се произведува во првиот квартал на 1996 год. во погоните на IBM во Тајланд, а цената на дискот не би требало да е повисока од 250 фунти.

# Novell се здружува со Intel

Novell-овата иднина можеби нема да се состои само од проголтување на помалите компании кои ќе се најдат на неговиот пат. Со години Intel и Microsoft беа тесно поврзани, а сега и Novell ги здружува своите сили со Intel.

Novell ја најави верзијата 2.0 од својот ManageWise систем за управување со NetWare мрежи. Компанијата тврди дека ManageWise 2.0 за прв пат нуди вистинска консолидација на системското и мрежното управување, како за мрежи, така и за осамени PC-а. Возможни се SNMP (Simple Network Management Protocol) управување и NDS (NetWare Directory Services) администрација. Ова е прв продукт кој на ваков начин го користи NDS и овозможува управување и контрола на корисниците со администраторски права, со што ќе се намали сообраќајот низ мрежата.

Novell вели дека овој продукт вклучува една од најнапредните SNMP бази за управување воопшто. NetWare мрежите можат да бидат администрирани преку SNMP конзола, или далечински со користење на NetWare Connect Services. Другите производувачи како Hewlett-Packard, IBM и SunSoft веќе ја искажаа својата поддршка за можностите на ManageWise 2.0.

Новата верзија на ManageWise уште вклучува и можност за надгледување на мрежните и серверски трендови - можно е да се прикажат перформансите и промените во конфигурацијата на целокупната мрежа во последните две години.

Пакетот уште ги поддржува NetWare SFT III, NetWare SMP и NetWare IP.

ManageWise 2.0 можете да го набавите преку вообичаените канали и дистрибутери на Novell. Novell и Intel нудат и надградба од првата верзија, или од некој од пакетите LANDesk Manager, LANDesk Virus Protect, NMS и NetWare LANalyzer Agent.